РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 01-474/1
26.05.2021 год.
Валандово

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) и член 36 став (1) алинеја 7 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово, број 01-608/3 од 10.07.2019 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово, број 01-994/1 од 30.12.2020 година.

**Член 2**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ВАЛАНДОВО, во точка **2. Одделение за финансиски прашања и јавни набавки,** во работното место со реден број 16, Шифра - УПР 01 01 Б04 000, ниво – Б4, звање – Раководител на одделение, назив на работно место - Раководител на Одделение за финансиски прашања и јавни набавки, делот **„Вид на образование"** се менува и гласи **„Економски науки или Организациони науки и управување (менаџмент)".**

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Градоначалник
Перо Костадинов